АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:


Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 24.11.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 4281 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радио дифузно друштво ТВ ЕДО ДООЕЛ с. Љубин, Сарај;
3. **Период опфатен со надзорот:** 3 ноември 2021 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 24 ноември 2021 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 55 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*пласирање производи*);
   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 25.08.2021 година, за непочитување на членот 55 ставови 5, 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1 бр.03-335, 25.08.2021 година) на Трговското радио дифузно друштво ТВ ЕДО ДООЕЛ с. Љубин, Сарај;*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (03.09.2021 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ЕДО ДООЕЛ с. Љубин, Сарај, емитуван на 3 ноември 2021 година, на регионално ниво, е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена**, односно ја отстранил извршената повреда од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***